**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**
**Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство**

Број: 02-959/1
Датум: 04.07.2013
Скопје

Врз основа на член 153 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, бр. 103/208 и бр. 26/2009) и во согласност со членовите 223 и 224 од Статутот на Универзитетот и во согласност со правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии на „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно научниот совет на Факултетот на својата 35-та редовна седница одржана на 04.07.2013 година ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии

Предмет на уредување
условите за запишување и заверување семестар; активирање изборни предмети; изведување настава; проверка на знаење според Европскиот кредит трансфер систем; дипломски и магистерски труд,премин од една на друга студиска програма и премин од други Факултети и Универзитети.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (во понатомошниот текст Факултетот, односно ФИНКИ) во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### Член 2

Факултетот организира студии од прв, втор и трет циклус на студии, согласно со ЕКТС. Студиите од првиот циклус може да се реализираат како студии со траење од три или четири години. Магистерските студии од вториот циклус може да се организираат како студии во траење од една или две години.

На Факултетот можат да се организираат различни програми за стручно, односно професионално усовршување во рамките на концептот на доживотно учење согласно со Законот, Статутот и другите акти на Универзитетот.

Со одлуката за организирање на студии од став 1 на овој член се уредуваат условите за запишување, следење и завршната проверка на знаење на лицата кои ги посетувале

овие програми. За студиските програми за кои цената на чинење не е пропишана со акти од повисоки органи Факултетот ја одредува нивната цена со одлука за организирање на овој вид на студии.

На Факултетот можат да се организираат посебни курсеви од наставно-научните области кои ги покрива Факултетот.

## II. УПИСНИ ПОСТАПКИ

### Член 3

Правото за пријавување за запишување на прв и втор циклус академски и стручни студии е пропишан со статутот и правилникот на УКИМ.[1]

## III.ОРГАНИЗАЦИЈА И ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД НА ДОДИПЛОМСКИТЕ СТУДИИ

***НАСТАВНА АНГАЖИРАНОСТ***

### Член 4

Вкупниот број на часови предавања и вежби неделно изнесува најмногу 30 часа.

Наставната ангажираност во текот на учебната година изнесува вкупно 30 недели, по 15 недели во секој семестар.

Студентите во еден семестар запишуваат најмногу до 35 ЕКТС – кредити.

На особено успешните студенти (со просечен успех поголем од 8,5) може да им се дозволи да запишат до 40 ЕКТС кредити.

Молбата за запишување на поголем број кредити се доставува до студентската служба на факултетот и се одобрува од продеканот за настава.

***ОПФАТ НА НАСТАВНИТЕ ОБВРСКИ***

### Член 5

Наставните обврски за секој предмет се состојат од: предавања, аудиториски и лабораториски вежби, изработка на семинарски работи, елаборати, проекти, изработка на домашни работи, клиничка практика, студентска стручна практика, теренска настава, консултации и испити, во обем утврден со студиската програма.

[1] Статут на УКИМ; Член 223,224

***ЛИТЕРАТУРА ЗА ПРЕДМЕТИТЕ***

**Член 6**

За секој предмет што се предава треба да постои соодветна литература.

Ако учебникот, односно учебното помагало не ја покрива целата предметна програма, тогаш должност е на наставникот на почетокот на семестарот, на студентите да им ја стави на располагање разликата на необјавени предавања во вид на умножени предавања или електронска верзија на истите.

За секој предмет од кој се изведуваат аудиториски вежби треба да постојат материјали во печатена или електронска форма кои ќе се постават на системот за е-учење.

За секој предмет од кој се изведуваат лабораториски вежби треба да постои упатство за изработка на вежбите.

***ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ***

**Член 7**

Сите наставни обврски за секој предмет треба да бидат објавени 2 недели пред почетокот на уписот на семестарот. При тоа треба да бидат објавени условите за здобивање на право за полагање (право на потпис од предметот) и реализација на проверката на знаење на предметот.

## IV. ИСПИТЕН РЕЖИМ

***ИСПИТНИ РОКОВИ И ЗАКАЖУВАЊЕ НА ИСПИТИ***

***ИСПИТНИ РОКОВИ***

**Член 8**

Студентот има право да ги полага предметите во рамките на есенскиот, зимскиот и летниот испитен рок. Испитните рокови траат најмалку три недели. За секој предмет во еден испитен рок се организира еден термин за полагање.

Датумите на редовните испитни рокови се составен дел на годишниот распоред на испити. Распоредот се објавува на почетокот на секоја академска година.

Распоредот на испитите е задолжителен за студентите и за предметните наставници и соработници.

Во исклучителни ситуации за одредени предмети може да се организира втор термин за полагање. Одлука за организирање на втор термин носи Наставно научниот совет на предлог на Продеканот за настава.

**РАСПОРЕД НА КОЛОКВИУМИ**

**Член 9**

Распоредот на колоквиумите мора да биде објавен најдоцна еден месец пред нивното одржување.

Колоквиумските недели се 8. и 15. недела од почетокот на семестарот.

***УСТЕН ДЕЛ***

**Член 10**

Кога испитот се состои од устен дел, завршниот резултат наставникот го соопштува веднаш по одржаниот јавен испит.

Во текот на полагањето на усниот испит студентот не смее да е сам со наставникот, туку задолжително е присуство на најмалку уште едно лице, студент или член на колективот на Факултетот.

***ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО***

**Член 11**

Испитот по еден наставен предмет може да се полага најмногу четири пати, од кои четвртиот пат, по барање на студентот, испитот се изведува пред комисија составена од три члена од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје. Комисијата ја формира деканот со решение.

Испитот по еден наставен предмет може да се полага само во текот на една година по завршувањето на слушањето на предметот. Доколку по истекот на тој рок студентот сеуште не го положил предметот, должен е истиот да го презапише, ако предметот е задолжителен. Кога предметот е изборен студентот има право да го презапише истиот предмет или да запише друг изборен предмет.

***УТВРДУВАЊЕ НА ИДЕНТИТЕТОТ НА СТУДЕНТОТ***

**Член 12**

Услов за присуство на испитот е уредно поднесена електронска пријава и хартиена пријава донесена на денот на испитот.

Наставникот, или соработникот, е должен да ја провери присутноста и идентитетот на студентот за време на писмениот испит. Идентитетот се докажува со индекс, студентска легитимација или со друг идентификационен документ со фотографија (лична карта или пасош).

Во случај ако при проверката на идентитетот се покаже дека наместо кандидатот испитот го полага друга личност, против двајцата се поведува дисциплинска постапка согласно Законот за високо образование и актите на Универзитетот.

Во текот на студиите, студентите мора да се придржуваат до

законот, Статутот на Универзитетот, правилникот на единицата, Правилникот за условите, критериумите и правилата зазапишување и студирање на трите циклуси на студии наУниверзитетот, Правилникот на Универзитетот за превенирање на фиксирање, умножување и продажба на авторско дело без дозвола од авторот, односно издавачот, како и на другите акти наУниверзитетот и единиците.[2]

***РОКОВИ ЗА ВНЕСУВАЊЕ НА ОЦЕНКИТЕ И ПРОЦЕСИРАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ***

**Член 13**

Предметниот наставник е должен оцените да ги внесе во електронскиот систем за оцени, доколку системот е оперативен, во рок од 10 работни дена, плус по 1 работен ден за секој 50 студенти, од денот на полагањето на испитот.

Предметниот наставник е должен да ги врати пријавите до Студентската служба на Факултетот во рок од 10 работни дена по завршувањето на испитот.

***ПРИГОВОР ПОРАДИ ОЦЕНКА ОД ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО***

**Член 14**

Студентот, во рок од 24 часа од внесувањето на оценките во електронскиот систем за оцени, може да поднесе приговор до деканот за преиспитување на оценката по даден предмет или ако смета дека испитот не е спроведен во согласност со законот и актите на Универзитетот и на единицата.

Ако деканот утврди дека се исполнети условите од став 1 на овој член, наставникот во рок од 24 часа ќе ја преиспита оценката од завршното оценување. Ако наставникот не ја преиспита или потврди оценката што ја утврдил во предвидениот рок, студентот испитот го полага пред тричлена комисија составена од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје. Комисијата ја формира деканот. Испитот пред комисија се спроведува во наредните 24 часа, наредниот работен ден, сметано од денот на добивање на известувањето за преиспитувањето на оценката. Наставникот кај кого полагал студентот не е член на комисијата.

По барање на студентот му се овозможува да го повтори завршното оценување за повисока завршна оценка по наставен предмет во период од најмногу четири месеца од полагањето.

Барањето од став 4, студентот го доставува во студентската служба која проверува дали се исполнети условите за повторно полагање согласно претходните ставови и му се одобрува или не повтроното полагање. Ако се одобри повторно полагање, Студентската служба ја поништува претходно добиената оценка на студентот.

Оценката добиена на повтореното завршно оценување е конечна и студентот нема право да го повтори завршното оценување.

---

[2] Регулирано со статутот на УКИМ член 327 и 328

## ЗАВРШУВАЊЕ НА СТУДИИТЕ ОД ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ

**Член 15-а**

Студиите од прв циклус на студии се завршуваат со положување на сите испити предвидени со студиската програма и завршен испит што се состои од изработка и одбрана на дипломски труд. (може да стои 180 ектс ама и не мора )

Дипломската работа е завршен испит и има рамноправен третман како и другите предмети предвидени со студиската програма.

Постапката за запишување, пријавување и одбрана на дипломска работа е регулирана со посебна одлука, објавена на веб страницата на ФИНКИ, заедно со сите пратечки документи.

## ЗАВРШУВАЊЕ НА СТУДИИТЕ ОД ВТОР ЦИКЛУС

**Член 15-б**

Студиите од втор циклус на студии се завршуваат со положување на сите испити предвидени со студиската програма и завршен испит што се состои од изработка и одбрана на магистерски труд.

Студентите од втор циклус на студии имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале, најдолго во времето што е двапати подолго од пропишаното траење на студиите.

Доколку по истекот на рокот од претходниот став студентот не ги заврши студиите, со одлука на единицата на Универзитетот се утврдуваат дополнителните услови и рокот за кој студентот може да ги заврши студиите.

Темата за магистерскиот труд мора да се пријави најдоцна 1 година по положувањето на последниот испит. По истекот на овој рок, студентот мора да ги презапише кредитите за магистерската тема при уписот на првиот следен семестар.

Студентот е должен редовно да ги запишува и заверува семестрите (по потреба и празни семестри) се до одбраната на магистерската тема.

Пријавата за изработување на стручниот, односно магистерскиот труд се поднесува до наставно-научниот, односно научниот совет по претходно дадена потврда од студентски прашања дека студентот ги исполнил условите за пријавување на магистерски труд и позитивно мислење на наставно-научниот колегиум, односно од комисијата за втор циклус.

Образецот за пријвување на магистерскиот труд е пропишан од страна на Факултетот и истиот може да се превземе од веб страната на факултетот. Образецот покрај техничкиот дел задолжително содржи и поле за потпис на кандидатот, согласен ментор и референт на студентски прашања.

Електронска верзија од пријавата и пропратните документи се испраќа на zanns@finki.ukim.edu.mk од страна на раководителот на наставно-научниот совет или менторот.

По донесување на Одлука за прифаќање на пријавата на магистерскиот труд од страна на наставно научниот совет на Факултетот, насловот на прифатениот магистерски труд се објавува во Билтенот на Универзитетот и на веб- страницата на единицата на македонски и на англиски јазик.

Студентот брани магистерски труд најдоцна во рок од една година од денот на одобрување на темата на магистерскиот труд.

По пријавувањето на темата за магистерскиот труд, студентот има право да побара продолжување на рокот за одбрана од оправдани причини во максимално времетраење од 1 година од крајниот датум за одбрана според рокот за одбрана дефиниран со прифаќањето на темата. По истекот на овој рок, студентот е должен повторно да ги запише кредитите за магистерската тема и да пријави тема под нов наслов при уписот на првиот следен семестар. [3]

Во прилог на барањето се доставува копија од Одлуката за прифаќање на темата и уплатница од 1000 ден. (за процесирање и административни трошоци за барањето)

Во случај на презапишување на кредитите за магистерската тема, студентот треба да започне процедура за пријава на нова тема која треба да биде прифатена на ННС најдоцна до крајот на семестарот, во кој е презапишани кредитите.

Ако кредитите не се презапишат во дадениот рок тогаш студиите на студентот автоматски се прекинуваат.

По завршување на менторската фаза, студентот поднесува барање за формирање на комисија за оценка на магистерски труд кое е парафирано од менторот, како прилог на барањето студентот носи три примероци во спирала од трудот во општата служба на Факултетот. Во рок од 45 дена од денот на доставувањето на трудот на предлог од колегиумот или деканатската управа, Наставно-научниот, односно научниот совет формира комисија за оценка на стручниот, односно магистерскиот труд составена од три члена.

Менторот го прикачува магистерскиот труд на системот за плагијати најмалку 30 дена пред одбраната на трудот а повратниот извештај од системот го испраќа на plagijati@finki.ukim.mk.

---

[3] *Студентите кои пријавиле тема на Природно математичи факултет и Факултетот за електротехника рокот за бранење на магистерскиот труд им започнува од моментот кога поднеле изјава за префрлање на ФИНКИ т.е. откога е превземено нивното досие.

Комисијата изготвува извештај во кој дава оценка и образложение на трудот, најдоцна во рок од 3 месеци од денот на предавањето на трудот т.е. од формирањето на комисијата за оценка.

Извештајот од претходниот став се доставува во архивата на факултетот најмалку 15 дена пред да биде поставен како точка на наставнонаучниот совет од менторот и се испраќа електронска форма од него на zanns@finki.ukim.mk.

Менторот го известува студентот да донесе 5 укоричени примероци од магистерскиот труд.

По усвојувањето на извештајот, наставно-научниот, односно научниот совет формира комисија за одбрана и го определува денот на одбраната, кој треба да биде во рок од 7 до 15 дена од прифаќањето на извештајот.

Членовите на комисијата за оценка на магистерскиот, односно стручниот труд можат да бидат и членови на комисијата за одбрана.

Кандидатот се известува за денот на одбраната.

Одбраната на трудот е јавна и се објавува на огласната табла на единицата, најмалку 7 дена пред денот на одбраната.

Стручниот односно магистерски труд е самостојна стручна работа со која се систематизираат постојните знаења и се придонесува за решавање на проблеми од практиката.

Постапката за пријава, оценка и одбрана на стручен, односно магистерски труд се изведува согласност со Статутот на УКИМ[4] и оваа Одлука.

## V. НАПРЕДУВАЊЕ И ПОВТОРУВАЊЕ НА ГОДИНА

### *ЗАПИШУВАЊЕ СЕМЕСТАР*

### *ДОДИПЛОМСКИ*

**Член 16**

Студентот запишува година на студирање и (зимски/летен) семестар.

Година на студирање се запишува на почетокот на зимскиот семестар, и тоа:

- втора година на студии, доколку има освоено најмалку 30 кредити и ги има положено сите предвидени предмети за првиот семестар со студиската програма.

---

[4] Детално уредено со членовите 225, 224, 225 226 227 228 229 230 231 232 233 и 234 од Статутот на УКИМ.

*Студентите кои пријавиле тема на Природно математичи факултет и Факултетот за електротехника рокот за бранење на магистерскиот труд им започнува од моментот кога поднеле изјава за префрлање на ФИНКИ т.е. откога превземено нивното досие.

- трета година, доколку има освоено најмалку 90 кредити и ги има положено сите предмети заклучно со третиот семестар предвидени со студиската програма заклучно со третиот семестар.

- четврта година, доколку има освоено најмалку 150 кредити и ги има положено сите предвидени предмети со студиската програма заклучно со петтиот семестар.

Ако студентот не ги исполнил условите од став 2 од овој член, тогаш ја презапишува истата година.

Студентот запишува следен семестар, само доколку го има заверено предходниот семестар.

Студентот може да запишува предмети за кои ги има исполнето соодветните предуслови.

Факултетот најдоцна две недели пред почетокот на семестарот може да пропише намалување на соодветните предусловуслови за запишување на предметите и семестрите.

**ПОСДИПЛОМСКИ**

**Член 17**

Студентот од втор циклус на студии на двегодишна студиска програма запишува втора студиска година ако има освоено минимум 30 кредити.

Ако студентот не ги исполнил условите од став 1 од овој член, тогаш ја презапишува истата година.

**ОПШТИ ОДРЕДБИ КОИ ВАЖАТ И ЗА ДОДИПЛОМСКИ И ЗА ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ**

**ЗАПИШУВАЊЕ СЕМЕСТАР**

**Член 18**

Студентот е должен семестарот да го запише по електронски пат и да поднесе писмена пријава.

Запишувањето на предметните програми во следен семестар се врши во период од 2 седмици пред почетокот на семестарот и не смее да трае подоцна од 15 дена од почетокот на семестарот.

**ПРОПУШТАЊЕ НА РОК ЗА ЗАПИШУВАЊЕ**

**Член 19**

Студентот кој не го запишал семестарот во предвидениот рок, тоа може да го стори под одредени услови кои ќе бидат пропишани од Наставно-научниот совет, но, не подоцна од три недели од почетокот на семестарот.

Во исклучителни ситуации студент може да запише семестар и покасно од овој рок. Одлука за запишување на барање на студентот врз основа на приложената документација носи Продеканот за настава.

## ПРАВИЛА КОИ ВАЖАТ ПРИ ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТАР

**Член 20**

При запишувањето на предметните програми, студентот прво ги запишува неположените задолжителни и изборни предмети од соодветниот (летен/зимски) претходен семестар, а потоа задолжителните предмети од тековниот семестар и на крај, изборните предмети од тековниот семестар, но на тој начин што неговите вкупни студиски обврски во еден семестар да не го надминуваат бројот на ЕКТС-кредити утврден со овие правила за студирање.

Предметите кои се нудат во соодветниот семестар Факултетот ќе ги објави 2 седмици пред почетокот на семестарот.

При повторно запишување на неположен изборен предмет, студентот има право да го замени изборниот предмет со друг изборен предмет од понудените изборни предмети во соодветниот семестар.

### *СТАТУС НА СТУДЕНТ ВО ДРЖАВНА КВОТА*

**Член 21**

Студент чие образование го финансира државата може да го задржи статусот најдолго за времето кое е за два пати подолго од пропишаното време на траење на студиите, односно до крајот на академската година во која тој рок истекува. Со истекот на тој рок, студентот ги продолжува студиите со поднесување на трошоците за студирање (кофинансирање)[5].

Студент чие образование го финансира државата може иста академска година да ја повторува само еднаш. Ако во следната академска година не го стекне правото за запишување на повисока година на студии, го губи статусот на студент чие образование го финансира државата, но има право повторно да ја запише истата академска година во статус на студент кој самостојно ги поднесува трошоците за студирање[6].

Во времето од став 1 и 2 на овој член не се смета времето на мирување на студентските обврски.

## VI. ЗАВРШУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

### *Завршување на студии*

**Член 22**

Студиите од прв циклус на студии се завршуваат со положување на сите испити предвидени со студиската програма и завршен испит што се состои од изработка и одбрана на дипломски труд со што се стекнуваат 240 кредити, односно 180 кредити.

---

[5] Согласно член 323 од Статутот на УКИМ
[6] Согласно член 323 од Статутот на УКИМ

Студентот што завршил прв циклус на студии во траење од 8 односно 6 семестри добива диплома со која се потврдува дека завршил соодветна студиска програма од прв циклус на студии и се стекнал со назив определен со студиската програма.

Студиите од втор циклус на студии се завршуваат со положување на сите испити предвидени со студиската програма и завршен испит што се состои од изработка и одбрана на магистерски труд со што се стекнуваат 120 кредити, односно 60 кредити.

Студентот што завршил втор циклус на студии во траење од 4 односно 2 семестри добива диплома со која се потврдува дека завршил соодветна студиска програма од втор циклус на студии и се стекнал со назив определен со студиската програма.

## VII. ПРЕМИНУВАЊА МЕЃУ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ И ПРИЗНАВАЊЕ НА ИСПИТИТЕ

## ПРЕМИНУВАЊЕ ОД ЕДНА НА ДРУГА СТУДИСКА ПРОГРАМА ВО РАМКИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ

### Член 23

Во текот на студиите, студентот може да премине од една на друга студиска програма на Факултетот.

Преминувањето од став 1, се врши согласно Условите што ги пропишува Универзитетот и став 3 од овој член, како и член 26 и 27 од оваа Одлука.

Пред почетокот на секоја учебна година управата на Факултетот донесува одлука за условите и износот за административните трошоци за преминување од една на друга студиска програма во рамките на Факултетот.

### Член 24

Наставно научниот совет утврдува листа на еквивалентни предмети за премин од една во друга студиска програма во рамките на Факултетот.

Најдоцна еден месец по донесувањето на нова наставна програма, Наставно-научниот совет е должен да донесе правила за еквиваленција на предметите од новата наставна програма со предметите од претходните и еквиваленција меѓу новите наставни програми, ако се донесуваат паралелно повеќе наставни програми.

Доколку некои предмети од наставни програми кои не се по ЕКТС не се наоѓаат на листата на еквивалентности, комисијата за настава може да одлучи да го признае предметот како предмет кој се наоѓа во наставната програма на која студентот преминува, ако програмата на предметот за кој се признава се совпаѓа повеќе од 80% со програмата по предметот кој се признава.

Кредитите од предмети кои не се еквивалентни со задолжителни предмети од студиската програма на која се префрла студентот, може да се признаат само како кредити за изборен предмет.

## ПРЕМИНУВАЊЕ ОД ДРУГ ФАКУЛТЕТ ИЛИ ДРУГ УНИВЕРЗИТЕТ

**Член 25**

Студент од друг Факултет или Универзитет може да премине на студиска програма на ФИНКИ, согласно со условите што ги пропишува Универзитетот и ставовите 2 и 3 од овој член.

Наставно-научниот совет на Факултетот формира комисија за разгледување на барањата за премин од една на друга студиска програма, за студенти кои доаѓаат од друг Факултет на УКИМ или од друг Универзитет.

Пред почетокот на секоја учебна година, Управата на Факултетот донесува Одлука за условите за премин и износот за административните трошоци за преминување на ФИНКИ, од студиска програма надвор (мислам подобро е од друг факултет од друг Универзитет) од Факултетот.

## ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД ВО КОЈ ПРЕМИНИНУВАЊЕТО МОЖЕ ДА СЕ РЕАЛИЗИРА

**Член 26**

Преминувањето на студентот од една во друга студиска програма во рамките на Факултетот, од друг факултет во рамките на УКИМ или од друг универзитет на ФИНКИ по правило се врши пред почетокот на уписите на нова академска година. По исклучок, Продеканот за настава може да донесе одлука за префрлање при уписот на летниот семестар.

Префрлањето помеѓу студиските програми е можно пред почетокот на зимскиот семестар, односно во периодот 1.-15.09.

Студентите кои студираат во квота со кофинансирање, можат да се префрлат од една на друга студиска програма, но согласно договорот, остануваат во истата квота, со кофинансирање.

За студентите кои студираат во државна квота, префрлањето помеѓу студиските програми ќе се одвива согласно правилата:

a. доколку на студиската програма е исполнета државната квота при уписот, тогаш префрлања се можни само во квота со кофинансирање, без разлика во која квота бил запишан студентот на претходната насока. Исклучок се студенти со просек над 9 за кои е дозволено префрлање од државна во државна квота.
b. доколки на студиската програма не била исполнета целата државна квота, дозволено е прфрлање на кандидати од други студиски програми, но најмногу до исполнувањето на државната квота. Овие кандидати ќе бидат рангирани согласно полежните испити и оствареniот просек. Потоа, префрањето ќе оди според а)

Квотите се сметаат согласно уписот на генерацијата на која припаѓа студентот при неговото запишување во прва година и ќе се применуваат за префрлање во втора година.

Префрањето во трета или четврта година ќе се извршува исклучиво во приватна квота

## ПРИЗНАВАЊЕ НА ИСПИТИ ПРИ ПРЕМИН НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 27**

Студент кој се префрла од студиска програма на прв и втор циклус во рамките на УКИМ или друг Универзитет на ФИНКИ запишува студиска година во зависност од признаените предмети и правилата во член 16. Врз основа на предлогот на (координаторот/ Продеканот за настава) на студиската програма каде што сака да се префрли студентот, деканот го издава решението за признавање на испитите.

Студент кој се префрлил од друг факултет или универзитет на ФИНКИ, за да добие диплома од ФИНКИ потребно е најмалку половина од потребните кредити за добивање на соодветната диплома да бидат освоени (со запишување на предмети и нивно полагање) на ФИНКИ. Врз основа на предлогот на (координаторот/ Продеканот за настава) на студиската програма каде што сака да се префрли студентот, деканот го издава решението за признавање на испитите

## *ПРИЗНАВАЊЕ НА КРЕДИТИ ОД ДОПОЛНИТЕЛНИ КУРСЕВИ*

**Член 28**

На студентот може да му се признаат и кредити од посетувани вонкурикуларни курсеви и семинари организирани од страна на Факултетот или други високообразовни институции. Одлука за признавање на кредити од вакви курсеви носи Наставно научниот совет. Максималниот број на кредити што еден студент може да ги освои по овој основ се 6. Врз основа на Одлуката за признавање на кредити од Наставно научниот совет, деканот го издава решението за признавање на кредитите.

**Член 29**

Наставно научниот совет може да донесе одлука за признавање на кредити од курсеви што еден студент ги има слушано на друг Универзитет преку размени кои се во склоп на меѓународни размени на студенти во рамки на проекти во кои учествува Факултетот/Универзитетот или има склучено договори Факултетот/Универзитетот, а за кои не постојат еквивалентни на Факултетот.

Доколку мобилноста се одвивала согласно претходно дефиниран договор за студирање (Learning Agreement – LA) тогаш признавањето на кредитите се врши согласно договорот и уверението за положени испити во текот на мобилноста (transcript of records).

## VIII. ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА СТУДИИТЕ ПО ПРЕКИНУВАЊЕТО

**Член 30**

Студентот се смета дека го прекинал студирањето ако не го запишал семестарот во утврдените рокови или по негово барање.

За времетраењето на студиите, студентот може да поднесе барање за мирување на обврските во максимално времетраење од 1 академска година поради оправдани причини

согласно Статутот на УКИМ.[7] Во периодот додека трае мирувањето студентот неможе да превзема никакви активности на Факултетот.

Студентот кој го прекинал студирањето може да го продолжи студирањето само пред почетокот на зимски/летен семестар. За сите незапишани семестри студентот плаќа административни трошоци во висина на административните трошоци прошишани за следниот семестар.

## VIII. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

### Член 31

Преодни одредби за тековни студенти на втор циклус

За студентите кои се тековни студенти или студенти со обврските ставени во мирување во моментот на донесување на правилникот важат следните преодни одредби:

За студентите кои немаат пријавено магистерска тема а притоа нема изминато 1 година од положувањето на последниот испит, важат погоре дефинираните правила

Доколку има изминато повеќе од 1 година од положувањето на последниот испит а студентот уште нема пријавено магистерска тема, истиот е должен да ја пријави во рок од 6 месеци од денот на донесувањето на правилникот, доколку не пријави тема во предвидениот рок студентот го губи статусот на студент и нема право да пријави тема.

За студентите кои веќе имаат пријавено магистерска тема а немаат побарано одложување на рокот за одбрана, важат погоре дефинираните правила.

Студентите кои веќе имаат пријавено магистерска тема и имаат побарано едно одложување на рокот за одбрана, дозволено им е, по истекот на рокот, да побараат уште 1 одложување на рокот за одбрана со максимално траење од 6 месеци, доколку не успеат да ја одбранат магистерската и по повторното одложување, треба да се презапише магистерската според правилата погоре

Ако студентот веќе има одложено повеќе пати тогаш има рок од 1 година (од денот на стапување во сила на правилникот) да ја одбрани магистерската, по кој рок треба да ги презапише кредитите според правилата погоре

### Член 32

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлукатаза условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии донесена на 15-та редовна седница, одржана на 18.01.2012 заведена под дел. бр. 02-68/2.

Декан

Вон. проф. д-р Димитар Трајанов

[7] Види повеќе Статут на УКИМ член 324